**20211211963**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 53 од Законот за рамномерен регионален развој(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 јуни 2021 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ ВО 2021 ГОДИНА, СО ИНДИКАТИВНО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2021 година и со индикативно планирани средства за 2022 година во вкупен износ од 124.875.000 денари, наведени во Листата на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби за финансирање во 2021 година и индикативно за 2022 година, која е дадена во Прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука во износ од 53.055.000 денари се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија во 2021 година, раздел 280.01 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој, а индикативно средствата во износ од 71.820.000 денари се планирани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

Член 3

Доколку Министерството за локална самоуправа утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, корисници на средствата согласно оваа одлука истите треба во целост да ги вратат во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-6032/1
1 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

Прилог

| Проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби за финансирање во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. Бр | Назив на Проектот | Корисник на средствата | Одобрени средства во денари |
| 1 | Замена на постоечкото јавно осветлување со штедливи ЛЕД светилки во десет рурални подрачја на Општина Прилеп | Општина Прилеп | 1,500,000.00 |
| 2 | Изградба на улици во населените места Црешнево и Брест | Општина Македонски Брод | 6,000,000.00 |
| 3 | Реконструкција на локален пат во с.Бохула | Општина Кавадарци | 2,000,000.00 |
| 4 | Реконструкција на улица 8 во с.Милино,Општина Лозово | Општина Лозово | 3,500,000.00 |
| 5 | Изградба на водоводна мрежа во с.Блатец | Општина Виница | 1,523,480.00 |
| 6 | Локален пат: М.В Крушка - М.В Ајдар (втор дел) км 1+994,97 до км 2+772,67 | Општина Кочани | 3,000,000.00 |
| 7 | Набавка на камион самоистоварач подготвен и опремен со плуг за чистење снег и резервоар со уред за расфрлање на сол за рурални делови на Битола. | КЈП Нискоградба Битола | 6,000,000.00 |
| 8 | Реконструкција на улица од црква Пресвета Богородица до ООУ Гоце Делчев - Василево | Општина Василево | 2,000,000.00 |
| 9 | Дел од велосипедска патека од Делчево до место викано Илин Камен | Општина Делчево | 3,500,000.00 |
| 10 | Реконструкција на објект на Месната заедница, Добрушево за употреба на Центар за Ран детски развој и Пензионерски клуб со Граѓанска Канцеларија | Општина Могила | 2,500,000.00 |
| 11 | Изработка на инвестиционо техничка документација на ниво на основен проект за 3 проекти во населено место Габрово | Општина Струмица | 500,000.00 |
| 12 | Подобрување на сообраќајната инфраструктура преку реконструкција на шест улици во село Стојаково, Општина Богданци | Општина Богданци | 3,000,000.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | Набавка на возила за подобрување на пристапот за одржување на зафатите на Баба Планина | ЈКП Водовод Битола | 2,000,000.00 |
| 14 | Реконструкција на локлана улица во центар на н.м. Новаци | Општина Новаци | 4,000,000.00 |
| 15 | Изградба на локална улица во с.Моноспитово | Општина Босилово | 2,500,000.00 |
| 16 | Реконструкција на дел од фекална канализациона мрежа - колектор во с.Долни Липовиќ, Општина Конче | Општина Конче | 2,000,000.00 |
| 17 | Развој на патната инфраструктура преку изградба на дел од улица „Староградска“ во Долно Градско, општина Градско | Општина Градско | 1,000,000.00 |
| 18 | Изработка на идеен проект за кружен тек кај крстосница со регионалниот пат Р29279 (кон Вруток) до крстосницата со Р1202 (кон Маврови Анови) | Полошки плански регион | 1,000,000.00 |
| 19 | Изградба на селска улица бр.4 во с.Црник, Општина Пехчево | Општина Пехчево | 3,000,000.00 |
| 20 | Изградба на потпорен ѕид и реконструкција на спортско игралиште во с.Осој -Општина Кичево | Општина Кичево | 6,528,462.00 |
| 21 | Изградба на дел од патен правец во с.Радибуш -маала Којкарци , Општина Ранковце делница km 0+720 до km 1-220 , L= 500 m | Општина Ранковце | 2,543,401.00 |
| 22 | Реконструкција и уредување на улица во село Белчишта | Општина Дебрца | 1,559,706.00 |
| 23 | Изградба на станбени улици во с.Челопек-општина Брвеница | Општина Брвеница | 2,000,000.00 |
| 24 | Реконструкција на улици во општина Вевчани - „Радини1“, „Млака-Ветерник“, „Даскалој-Обиколница“, „Пупини - Ќежој“ | Општина Вевчани | 2,777,014.00 |
| 25 | Чисти планински села | Општина Чашка | 1,000,000.00 |
| 26 | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ ЗА СЕЛО ПОДГОРЦИ, Општина Струга | Општина Струга | 6,000,000.00 |
| 27 | Набавка на две специјализирани комунални возила за смет и шредер за отпадни гранки и дрвја за туристички локалитет Габровски Водопади и с. Габрово | Општина Струмица | 6,500,000.00 |
| 28 | Продолжување на изградба на Кулутурен Дом во с.Матејче, | Општина Липково | 3,000,000.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Општина Липково | | |
| 29 | Набавка на комунално возило за отпад | Општина Центар Жупа | 3,500,000.00 |
| 30 | Изградба на пристапни улици дел од ПР24, и дел од ПР25 во н.м. Пласница - Општина Пласница | Општина Пласница | 2,000,000.00 |
| 31 | Реновирање, санација и подобрување на енергетската ефикасност на Дом на културата во с.Мородвис, општина Зрновци | Општина Зрновци | 1,500,000.00 |
| 32 | Изградба на пристапна улица со крак до земјоделско земјиште (гробишта) место Пласница - општина Пласница | Општина Пласница | 3,000,000.00 |
| 33 | ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ:Дел од ул„Браќа Моцаноски„Кривогаштани, Станбена улица „2„с. Кореница 1 фаза,и Сервисна улица„5„с. Воѓани-1фаза | Општина Кривогаштани | 3,000,000.00 |
| 34 | Економска културна промоција за развој на туризмот и агробизнисот во Кичевскиот регион | Здружение Вотра | 1,000,000.00 |
| 35 | Реконструкција на локален пат во с.Младо Нагоричане маала Пиленац | Општина Старо Нагоричане | 2,500,000.00 |
| 36 | "Изградба на дел од локален пат Штип - с. Кошево - с. Почивало" | Општина Штип | 4,000,000.00 |
| 37 | Реконструкција на улици во с.Самоилово, Општина Ново Село | Општина Ново Село | 2,431,286.00 |
| 38 | Изградба на локален пат во с.Теарце ( од општинска зграда на општина Теарце до горна Црква во Теарце – Бигур),Општина Теарце | Општина Теарце | 4,500,000.00 |
| 39 | Внатрешна реконструкција на Планинарски дом "Љуботен" - Љуботен, Општина Јегуновце | Здружение Планинарски Клуб "Љуботен" Тетово | 4,011,651.00 |
| 40 | Реконструкција на локален пат во с. Чифлик | Општина Желино | 4,000,000.00 |
| 41 | Набавка на механизација за собирање на комунален отпад и чистење на улици-Ѓубретарка од 5 м3 и Метлачка. | Општина Сарај | 7,000,000.00 |
| | | | 124,875,000.00 |